17

Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 24 -07- 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 15 – | 01/2 | – | – |

**Креативни и Активни Струга**

(Име на здружението/ фондацијата)

## ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Милиони гласови за една цел - СоЖиВот**

(Име на проектот)

____Струга____, _17_. _07_. 2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-158/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Креативни и Активни Струга |
| Наслов на проектот | Милиони гласови за една цел – СоЖиВот |
| Период на спроведување на проектот | од 20/10/2019 година до 20/06/2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Ардита Истрефи Илјази |
| Проектен менаџер | Ардита Истрефи Илјази |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070-472-691; info@creativeactive.org |
| Цел на проектот | Главната цел на проектот е да се придонесе кон подобрување на односите меѓу заедниците во југозападниот дел на земјата (Општина Струга, Килево и Дебар) од урбана и од руралната средина, преку зајакнување на соработката и дијалогот помеѓу сите етничките групи и примери на соживот. |
| Целна група | Млади возраст 14-18 години и сите граѓани од различна етничка припадност и возраст (Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, Египјани, Македонци муслимани). |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Југазападен регион (Струга, Кичево, Дебар) |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 600,000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600,031 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот.

(Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Локалните заедници во југозападниот регион се поделени преку етнички линии и немаат можности да развиваат вистинска интеракција и да ја повратат довербата меѓу себе. И покрај тоа што општините се мали, социјалните простори, како што се кафе барови, ресторани, културни и спортски настани се јасно етнички поделени. Младите учат во различни смени и не можат да се разберат еден со друг, бидејќи тие дури и не го зборуваат јазикот на другите. Со организирање на заеднички акции и настани поврзани со прашања од заеднички интерес, создадеме простор за интеракција и соработка.

Главната цел на проектот беше да придонесе кон подобрување на односите меѓу заедниците во општина Струга од урбана и од руралната средина, преку зајакнување на соработката и дијалогот помеѓу сите етничките групи преку иницирање на заеднички активности кои вклучуваат различни сектори.

Наша целна група беа младите од возраст 14-18 години, како и сите граѓани од различни возрасни групи.

Целни заедници: сите заедници што живеат во општина Струга (Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми, Египјани, Македонци муслимани).

Активности кои се реализирани со овој проект:

1. Креиран Советодавен одбор

2.Работилници за разновидноста на користење и потреба на википедија и социјалните мрежи

2.1 Промоција на проектот и на активоста во средните училишта,

2.2 Работилници за разновидноста на користење и потребата на википедија,

2.3 Работилници за разновидноста на користење и потреба на социјалните мрежи,

3.Мурали на разновидност и толеранција

3.1 Селекција на локациите и средби со училиштата и други релеванти лица за определените локации,

3.2 Мурали на разновидност и толеранција во училиштата и градот,

3.3 Промоција на сите мурални изработки,

4.Отворени денови со граѓаните-електронска платформа

4.1 Отворени денови со граѓаните- залепи идеа,

4.2 Промоција на реализираните проектни активности и резултати.

Резултатите од проектот ги постигнаа претпоставените индикатори во самиот проект, елемент кој укажува деак проектот успешно се реализираше. Во проектните активности имаше вклученост од сите етнички групи, како и вклученост од сите целни групи предвидени со проектот.

Резултати од проектните активности:

- <u>Креиран Советодавен одбор</u>

  -Одржани осум состаноци/онлајн средби;

  -Изработка на Акционен план за прослава на културната разновидност.

- <u>Работилници за разновидноста на користење и потреба на википедија и социјалните мрежи</u>

  -2 потпишани Меморандуми за соработка;

  -3 јавни презентации на проектото во 3 града во југозападниот регион, со вкупно 79 ученици присутни;

  -3 работилници на тема социјални мрежи и новинарство во 3 града во југозападниот регион, со вкупно 48 ученици присутни;

  -3 работилници на тема википедија во 3 града во југозападниот регион, со вкупно 46 ученици присутни;

  - Едно студиско патување и 18 учесници присутни.

- <u>Мурали на разновидност и толеранција</u>

  -8 состаноци/средби одржани;

  -3 изработени мурали во Струга, Дебар и Кичево.

- <u>Отворени денови со граѓаните-електронска платформа</u>

  -изработен и објавен прашалник;

  -85 лица вклучени директно;

  -2,819 лица информирани за активноста;

  -видео запис од резултатите со 16 најкреативни идеи/предлози.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1,Креирање Советодавен одбор | Се оформи Советодавниот Одбор на проектот со цел да придонесуваат со нивното искуство и стратешко размислување во креирањето на акционен план, документ што ќе придонесе во создавање мултикултурни и мултиетнички | -16 Ноември 2019<br><br>-14 Декември 2019<br><br>-14 Јануари | -Одржани осум состаноци/онлајн средби<br><br>-Изработка на |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk
Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| | иницијативи. Советодавните одбори е составени од 10 експерти активни во општеството од сферата на културата, уметноста, новинарство, како и од урбаната и социјалната сфера. Досега беа одржани две средби: на првата средба членовите беа запознаени со проектниот тим, со проектот генерално (цел, активности, резултати), како и целта на формирањето на овој одбор и очекуваните резултати од самиот одбор. Во вториот состанок, ченовите на одборот дискутираа за содржината и начинот на работата за подготовка на Акциониот план за прослава на културната разноликост.<br>Во период на вториот квартал се оддржаа две средби во која се дополни првиот нацрт на документот Акционен план за прослава на културната разноликост со конкретни предлози и идеи.<br>Во последниот квартал, изработката на овој документ се реализираше преку онлајн средби и електронско работење каде членовите на одборот заедно со проектниот тим го финализираа овој документ. | 2020<br><br>-20 Февруари 2020<br><br>-(онлајн средби и електронско работење во месец Март, Април, Мај, Јуни 2020) | Акционен план за прослава на културната разновидност |
| 2, Работилници за разновидноста на користење и потреба на википедија и социјалните мрежи | →Во месец Октомври 2019 година, се одржаа две средби со директорите на средните училишта, „Нико Нестор" и „Др.Ибрахим Темо" во Струга, каде се презентираше проектот и придобивките што младите ќе ги имаат со нивно вклучување на овие воншколски активности предвидени со овој проект. Овие средби резултираа со потпишување на меморандуми за соработка помеѓу нашата организација и двете училишта.<br>Работилници за социјални мрежи и новинарство:<br>-6 Ноември 2019 година се одржа првата презентација на проектот (цел, активности, очекувани резултати) пред учениците на двете средни училишта во Струга;<br>-8 Ноември 2019 година се одржа втората презентација на проектот (цел, активности, очекувани резултати) пред учениците на средното училиште „Дрита" во Кичево;<br>-18 Ноември 2019 година се одржа третата презентација на проектот (цел, активности, очекувани резултати) пред учениците на средното училиште „28 | -Октомври 2019 година – Јануари 2020 Година<br><br>-20 Јануари 2020 | -2 потпишани Меморандуми за соработка;<br><br>-3 јавни презентации на проектото во 3 града во југозападниот регион, со вкупно 79 ученици присутни;<br><br>-3 работилници на тема социјални мрежи и новинарство во 3 града во југозападниот регион, со вкупно 48 ученици присутни;<br><br>-3 работилници на тема википедија во 3 града во југозападниот регион, со вкупно 46 ученици присутни;<br><br>- Едно студиско патување и 18 учесници присутни. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ноември" во Дебар;<br>-15 Ноември 2019 година се одржа работилница на тема социјалните мрежи и новинарство која вклучуваше следните теми: Како младите ги користат социјалните медиуми; Зошто социјалните медиуми се важни за нив; Кои се нивните предлози и која е нивната тенденција да бидат во социјалните мрежи; Дали обезбедуваат лажни информации за своите следбеници на социјалните мрежи; што е новинарсво и зошто е толку важно за едно општество; како да се препознава лажна вест и др, пред учениците на средните училишта „Нико Нестор", „Др.Ибрахим Темо" и „Јахја Кемал" во Струга;<br>-26 Ноември 2019 година се одржа работилница на тема социјалните мрежи и новинарство која вклучуваше следните теми: Како младите ги користат социјалните медиуми; Зошто социјалните медиуми се важни за нив; Кои се нивните предлози и која е нивната тенденција да бидат во социјалните мрежи; Дали обезбедуваат лажни информации за своите следбеници на социјалните мрежи; што е новинарсво и зошто е толку важно за едно општество; како да се препознава лажна вест и др, пред учениците на средното училиште „28 Ноември" во Дебар;<br>-3 Декември 2019 година се одржа работилница на тема социјалните мрежи и новинарство која вклучуваше следните теми: Како младите ги користат социјалните медиуми; Зошто социјалните медиуми се важни за нив; Кои се нивните предлози и која е нивната тенденција да бидат во социјалните мрежи; Дали обезбедуваат лажни информации за своите следбеници на социјалните мрежи; што е новинарсво и зошто е толку важно за едно општество; како да се препознава лажна вест и др. пред учениците на средното училиште „Дрита" во Кичево.<br>Работилници за википедија:<br>-20 декември 2019 година се одржа работилница на тема википедија која вклучуваше следните теми: што е википедија; Што е добра статија; Како може да се вклучите, практичен дел - | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сурфање по википедија со учениците на средното училиште „Дрита" во Кичево;<br>-23 декември 2019 година се одржа работилница на тема википедија која вклучуваше следните теми: што е википедија; Што е добра статија; Како може да се вклучите, практичен дел - сурфање по википедија со учениците на средното училиште „28 Ноември" во Дебар;<br>-10 јануари 2020 година се одржа работилница на тема википедија која вклучуваше следните теми: што е википедија; Што е добра статија; Како може да се вклучите, практичен дел - сурфање по википедија со учениците на средните училишта „Нико Нестор", „Др.Ибрахим Темо" во Струга.<br>→Како завршен настан за оваа активност се организираше студиско патување во Скопје со дел од учениците кои беа вклучени во оваа активност како учесници. Целта на ова студиско патување беше учесниците подобро да можат да разбират како се подготвуваат информациите што секојдневно ги консумираме. Првата посета беше во националната телевизија Алсат М, и втората посета беше во весникот Коха. И во двете институции, наша средба беше о Одделот за онлине информации. Во ова студиска посета учесниците се запознаа со искусни новинари кои работат таму кои ги споделија своите искуства и што прават за да пронајдат информации и како тие ги донесуваат до јавноста, каки и за важноста на весникот како медиумска алатка, предизвиците со кои се соочуваат и напорната работа направена зад листовите на весниците.<br>Со оваа активнот беа вклучени директно 191 млади од регионот во кој се спроведува проектот. | | |
| 3, Мурали на разновидност и толеранција | За оваа активност се одбраа локациите каде ќе се направат муралите и се обезбеди потребната документација (одобрување) за одредени локации Одобрени се идејните решенија за муралите кои ги имаат подготвено уметниците кои отсликуваат пораки за меѓусебна толеранцијата и соживот.<br>На 02 Јуни 2020 во струга се реализираше муралот во просториите | --Мај-Јуни 2020 | -8 состаноци/средби одржани<br><br>-3 изработени мурали во Струга, Дебар и Кичево |


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на Социјален Клуб Комбинати-алтернативен културен центар кој постои веке пет години по ред.<br>На 13 Јуни 2020 се реализираше вторит мурал во Дебар во просториите на Средното Општинско Училиште „28 Ноември".<br>На 19 Јуни 2020 се реализираше третиот мурал во Кичево во просториите на Средното Општинско Училиште „Дрита".<br>Оваа активност беше разгледана/ прочитана од вкупно 923 лица во регионот во кој се спроведуваше проектот. | | |
| 4, Отворени денови со граѓаните | Ова активност се реализираше преку електронска платформа поради состојбата на пандемија во која сме веке неколку месеци. Се подготви електронски прашалник со сите релевантни информации за проектот, соодветни прашања за пополнување, како и графа во која може да се пополни со примери/идеа како до подобар соживот. Со оваа активнот беа опфатени директно 85 лица, а резултатите од прашалникот беа објавени во еден краток видео запис со најдобрите и најкреативните идеи.<br>Оваа активност беше разгледана/ прочитана од вкупно 2,819 лица во регионот во кој се спроведуваше проектот. | -Април-Мај 2020 | -изработен и објавен прашалник<br><br>-85 лица вклучени директно<br><br>-2,819 лица информирани за активноста<br><br>-видео запис од резултатите со 16 најкреативни идеи/предлози |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во првиот квартал немаше никакви пролеми во однос на спроведување на проектните активности. Поради периодот во кој започна имплементацијата на овој проект и периодот според кој е предвиден во временската рамка на самата апликација (која се погоди во период на зимно време), активноста „Отворени денови со граѓаните" се реализира во период Април-Мај 2020 година и активноста „Мурали на разновидност и толеранција" ќе се реализира во период Мај-Јуни 2020 година. Иако ови активности се реализираа подоцна од предвидената рамка за имплементација на проектот, предвидените индикатори на успех се постигнати и резултати се исполнети.

Во вториот квартал на известување единствениот проблем кој се појави беше состојбата во национално ниво за прогласената пандемија со која се запре сите активности. Поради оваа непредвидена нова ситуација, иако подготвителната фаза активноста „Отворени денови со граѓаните" со внатрешна одлука на проектниот тим и одборот на организацијата, оваа активност се реализираше во онлајн платформа. Ова одлука е согласно мерките кои ги имаа донесено владата со новата ситуација во земјата, но целта и резултатите се постигнати. Исто така, останатите состаноци на Советодавниот Одбор за изработка на „Акционен план за прослава на културната разновидност", се реализираше преку онлајн средби и електронско работење каде членовите на одборот заедно со проектниот тим го финализираа овој документ. Активноста „Мурали на разновидност и толеранција" се

реализираше без присуство на волунтери и млади предвиден во самата апликација, но резултатите од активноста беа споделени и индикаторите предвидени беа постигнати.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| -3 јавни презентации на проектото во 3 града во југозападниот регион | 79 учесници присутни | 9 плакати, 50 постери, 150 флаери и 30 маички со лого | |
| -3 објави на промовирање на проектот и проектните активности во веб стратана та здружениете, фејсбок и инстаграм | 3,528 лица ги имаат прочитано објавите | | http://creativeactive.org/million-voices-for-one-purpose-coexistence/ https://www.facebook.com/SocialClubKombinati/ https://www.instagram.com/creative_and_active/ |
| -3 објави за изработени мурали за активноста „Мурали на разновидност и толеранција" | 923 лица ги имаат прочитано објавите | | |
| -Објавен електронски прашалник за активноста „Отворени денови со граѓаните" | -85 лица вклучени директно, -2,819 лица информирани за активноста | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Во рамките на проектот беа организирани 4 главни активности кои во себе содржуваат повеке од 30 средби/состаноци од кои беше изработен 1 „Акционен план за прослава на културната разновидност", се одржаа 9 работилници, 1 студиско патување, изработен и објавен 1 прашалник „Залепи стикер, пишувај идеа, предлог, желба како до подобар соживот" и изработка ма 3 мурали во Струга, Дебар и Кичево со директно вклученост на 367 млади и граѓани, како и 3,528 лица се информирани за проктот и проектните активности преку електронските платформи, промотивен материјал и преку наши соработници. Преку проектот се обезбеди поголем обем на промовирање на дискусија, градење и подигање на свеста за добрата практика во поттикнување на соработката помеѓу заедниците, позитивни промени во ставовите и однесувањето.
По серијата работилници и другите активности учесниците ќе продолжат да се среќаваат преку училишни активности, програми за соживот на заедницата и младински можности, кои ќе работат како мрежа за поддршка еден на друг, како и врснички едукатори со континуирана поддршка од нашата организација. Во нашата организација имаме група на млади волонтери 25-30 млади кои постојано се вклучени во проектните активности, но и во други волонтерски иницијативи кои често пати се иницирани од нивна страна.
Апликантот имаше водечка улога во целиот процес на имплементација на проектот, додека соработниците/училиштата имаат улогата на промоција на проектните активности кај младите. Нашата организација со овој проект потпиша Меморандум за соработка со две средни училишта во Струга, елементи на додадена вредност за овој проект кој укажува дека во соработка со овие релевантните институци. Одрживоста на проектот ќе сеобезбеди преку заедничка соработка со релевантните институции на локално ниво (средните училишта, лоалната самоуправа, и др) со тоа што тие да се носители на вакви и слични активности, додека НВО секторот да биде партнер во спроведување на разни активности и иницијативи. Исто така, вакви активности и слични други активности треба да се вметнат како дела на курикулумот на образовниот систем за да младите да имаат пристап и можности за интеракција и соработка со другите заедници.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **176,000** | **176,686** | **-износот од 686 мкд кој ја надминува буџетската линија е покриен од VII- Комуникациски продукти** |
| Плати | 120,000 | 120,435 | |
| Придонеси и даноци од плати | 56,000 | 56,251 | |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **9,000** | **9,000** | |
| Транспорт | 9,000 | 9,000 | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | / | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **8,500** | **8,505** | **-износот од 5 мкд кој ја надминува буџетската линија е покриен од VII- Комуникациски продукти** |
| Канцелариски материјали | 8,500 | 8,505 | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | **31,600** | **32,435** | **-износот од 835 мкд кој ја надминува буџетската линија е покриен од VII- Комуникациски продукти** |
| Трошоци за комуникација Интернет | 27,600 | 27,600 | |
| Банкарски провизии | 4,000 | 4,835 | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | **172,000** | **172,000** | |
| Користење канцеларија | 172,000 | 172,000 | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие* | **202,900** | **202,940** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Договори за услуги | 72,600 | 72,600 | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | 35,200 | 35,211 | -износот од 11 мкд кој ја надминува буџетската линија е е покриен од VII-Комуникациски продукти |
| Конференции и работилници | 23,750 | 23,750 | |
| Комуникациски продукти | 1,500 | / | -заштеда (покриени се сите други буџетски линии каде се надминува одобрениот буџет/расположливи средства) |
| Друго: Материјални трошоци за работа (хартија, тонер, налепници, стикери, фломастери, спајалици,флип чарт, маркери, фломастери, и др)<br>Бои за муралните активности<br>Четки за боење за муралните активности | 69,850 | 69,880 | -износот од 30 мкд кој ја надминува буџетската линија, е на товар на здружението |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600,000** | **600,031** | **-вкупниот износот од 31 мкд кој го надминува одобрениот буџет, е на товар на здружението** |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Листа на документи прилог на Завршниот извештај:
-Постер, флаер, маичка (по еден примерок),
-2 Меморандуми за соработка со средните училишта,
-Договори за ангажман (7 договори),
-Одлука за членови на Советодавен одбор,
-Одлука за сметководствени услуги,
-Одлука за добавувач на канцелариски материјал (постапка за избор),

-постапка за избор на добавувач за дизајн и печатење на промотивен материјал,
-постапка за избор на добавувач за коктел и освежување за работилници,
-Објави на проектните активности во социјалните мрежи,
-Фотографии од проектните активности,
-Акционен план за прослава на културната разновидност,
-Листи на присуство во настаните,
-3 презентации за работилниците,
-Финасиски извештај (изводи, уплатници, фактури, фискални сметки, сметкопотврди, патни налози)

_____Струга___, _17_. _07_. 2020 год.
(Место) (датум)

______Ардита Истрефи Илјази - претседател____________
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ КРЕАТИВНИ И АКТИВНИ СТРУГА

М.П.

(Потпис)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk
Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генерален секретаријат